**ЗАПИСНИК**

**од 7-ма седница на Советот на Општина Новаци, одржана на ден 13.02.2026 година, со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во Новаци**

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

Од општинската администрација присутни беа: Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни, општи и јавни дејности, Александра Ангелевска-Помлад соработник, Петар Велјановски-Соработник и Катерина Чукалевска - Советник.

Останати присутни: Маја Атанасовска-Проект ,,Биди своја-Мајки и деца" , Андреј Наумовски-Претседател на здружение „Младинска Граѓанска акција".

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 6$^{та}$ седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување на Барање од совет на Општина Новаци за ревизија на ЗФК ,,Новаци 2005";
3. Разгледување и донесување на Одлука за објавување на литературен и ликовен конкурс на Општина Новаци;
4. Разгледување и донесување Одлука за давање на согласност за имплементација на одобрениот проект "Green Pre-Incubators for Just Transition";
5. Разгледување и донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко – планска документација (Тони Котевски од с.Новаци)
6. Разгледување и донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко – планска документација (Општина Новаци - с.Новаци)
7. Разгледување на Барање за финансиска подршка од Здружение „Младинска граѓанска акција" Новаци;
8. Разгледување на Барање за одобрување на финансиски средства од Здружение на хуманитарни возрасни граѓани на Општина Новаци „Сложни граѓани Новаци";
9. Разгледување на предлог иницијатива до Општина Новаци за реализација на проект „Биди своја - мајки и деца"; од Спортско Здружение „Бори се за целта" Битола;
10. Разгледување на Барања за еднократна парична помош;
11. Советнички прашања;

Претседателот предложи измена и дополнување на дневниот ред и тоа:
-Разгледување и донесување на Одлука за давање на користење на фудбалскиот стадион со објектите и спортската сала во с.Новаци на Здружението Фудбалски клуб „Новаци 2005" од Новаци како точка бр.11;

Точката бр.11 Советнички прашања, ќе стане точка бр.12.

Предложениот дневен ред со дополнувањата, советниците го усвоија со **9 гласа ЗА.**

**Точка 1** Разгледување и усвојување на Записникот од 6та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето на Записникот од 6та седница, истиот беше ставен на гласање.

Записникот беше усвоен со **9 гласа ЗА.**

**Точка 2** Разгледување на Барање од совет на Општина Новаци за ревизија на ЗФК ,,Новаци 2005";

Претседателот Илче Трајковски се изјасни по оваа точка и кажа дека како што беше и предходно најавено, Советот едногласно се согласи да донесе одлука за да се изврши ревизија врз финансиското работење на клубот ЗФК ,,Новаци 2005".

Советникот Васко Секуловски предложи ревизијата да се однесува на 15 годишното работење уназад а не на 10. Претседателот заедно со другите советници се согласија со предлогот.

Советникот Иванчо Котевски побара да се контактира актуелното раководство и да се побара да донеси извештај за досегашните префрлени средства.

Претседателот Илче Трајковски кажа дека најпрво ќе се консултираат со државната ревизија а потоа ако е потрбно ќе се контактираат и приватни ревизори за испитување на случајот. По завршувањето на дискусијата претседателот ја стави точката на гласање.

Точката беше усвоена со **9 гласа ЗА .**

**Точка 3** Разгледување и донесување на Одлука за објавување на литературен и ликовен конкурс на Општина Новаци;

Раководителката Анета Киселоска ја образложи оваа точка. Се работи за ликовен и литературен конкурс кој ќе го распиши општината по повод 30 годишни од постоењето на Општина Новаци. Право на учество ќе имаат сите заинтересирани жители на Општината и пошироко со доставување на творбите во затворен плик до архивата на Општина Новаци. Комисијата која ќе биде формирана од страна на општината ќе ги разгледува ликовните и литературните творби и ќе ги избери најдобрите. За изборот на најдобрите три ќе следи симболична награда која ќе ја определи Советот на општината.

Советниците предложија наградата да изнесува 5.000 денари за прво место, 4.000 денари за второ и 3.000 денари за трето место.

Предлогот беше ставен на гласање и советниците го усвоија со **9 гласа ЗА.**

**Точка 4** Разгледување и донесување Одлука за давање на согласност за имплементација на одобрениот проект "Green Pre-Incubators for Just Transition";

Претседателот и некои од советниците побараа појаснување за оваа точка. Катерина Чукалевска - вработена во Општина Новаци дојде на седницата да ја објасни оваа точка. Таа кажа дека се работи за проект кој што ја следи зелената транзиција и општината е партнер во проектот. Финансирањето е од GIZ односо од Германската влада. Буџетот на општина Новаци за проектот изнесува 35.000 евра од кои 2.000 евра се кофинансирање од Општината.

По објаснувањето претседателот ја стави точката на гласање и се усвои со **9 гласа ЗА.**

**Точка 5** Разгледување и донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко – планска документација (Тони Котевски од с.Новаци)

Раководителката објасни дека оваа одлука претставува основ за понатамошно постапување по постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект

согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, исто како што беше кажано на предходната седницата во врска со ваквите барања. Претседателот Илче Трајковски кажа дека оваа Одлука се донесува по барање на лицето Тони Котевски од с.Новаци.

Точката беше ставена на гласање гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

**Точка 6** Разгледување и донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко – планска документација (Општина Новаци - с.Новаци)

Претседателот Илче Трајковски кажа дека оваа одлука е иста како и предходната само што овде барател е Општина Новаци.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

**Точка 7** Разгледување на Барање за финансиска подршка од Здружение „Младинска граѓанска акција“ Новаци;

Андреј Наумовски - претседател на здружението „Младинска граѓанска акција“ Новаци беше повикан да даде објаснување за точката. Тој кажа дека ова здружение раководи со Младинскиот културен центар-Новаци за кој беше распишан конкурс. Финансискиот извештај за изминатата година им беше доставен на советниците на разгледување. Тој кажа дека во извештајот детално се образложени сите настани и активности на Младинскиот центар Новаци и истакна дел од тие настани кои се одвиваа во општината како на пример: Проект-„Везилка“, Новогодишен музички концерт, спортски активности, еколошки акции, рекреативни дружби со младите, курсеви по јазици и програмирање и сл. Тој кажа дека во однос на Програмата за 2026 година, има проширување на активностите а со самото тоа потребни се поголеми финансиски средства од околу 1.000.000 денари. Во изминатата година финансиските средства кои им ги префрли општината беа доволни за покривање на трошоците за плата на младинскиот работник но тие средства беа искористени за активностите на Младинскиот културен центар. Тој кажа дека очекува подршка од Советот и Градоначалникот на Општината за реализација на проектите на Младинскиот културен центар.

Претседателот Илче Трајковски кажа дека истата точка беше разгледувана на седницата на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР на која присуствуваше раководителката Оливера Димитровска и градоначалникот. Раководителката се изјасни дека во буџетот се планирани околу 400.000 денари за Младинскиот центар а Градоначалникот се изјасни дека финансиите кои ги бара Младинскиот ценатр се преголеми и дека општината не е во можност да ги обезбеди тие средства.

Претседателот Илче Трајковски додаде дека тој лично ја подржува програмата на Младинскиот центар и дека според планираните активости и проекти советот предлага да се одобрат околу 950.000 денари. Советниците побараа да се достави нова програма со финансиски дел и да се разгледа повторно.

Претседателот предложи точката да се одложи за наредна седница. Советниците го изгласаа предлогот со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ.**

**Точка 8** Разгледување на Барање за одобрување на финансиски средства од Здружение на хуманитарни возрасни граѓани на Општина Новаци „Сложни граѓани Новаци“;

Претседателот Илче Трајковски им објасни на останатите советници дека оваа точка беше разгледана на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР и дека беше констатирано дека Здружението на хуманитарни возрасни граѓани на Општина Новаци „Сложни граѓани Новаци“ нема поднесено целосна документација и извештај за предходно префрлените финансиски средства. Исто така тој кажа дека комисијата побара да присуствува представник од здружението на наредна седница. Советниците се согласија со предлогот даден од Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР. Претседателот ја стави точкта на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

**Точка 9** Разгледување на предлог иницијатива до Општина Новаци за реализација на проект „Биди своја - мајки и деца“; од Спортско Здружение „Бори се за целта“ Битола;

Претседателот го прочита барањето пред присутните и ја повика Маја Атанасовска, представник од здружението да го образложи проектот. Таа кажа дека проектот беше детално презентиран на предходните седници и дека здружението бара од општината да обезбеди просторија и финансиски средства за да може да се започне со реализација на проектот. Проектот првично ќе трае два месеци за да се види заинтересираноста кај жителите на општината и дека доколку има интерес ќе се продолжи со реализација на проектот во согласност со градоначалникот и советот на општината. Таа додаде дека проектот е од голема важност за населението на општината бидејќи се однесува на нешто ново а тоа се интерактивни работилници за менталното здравје на мајките и децата.

Претседателот направи пресметка за трошоците поврзани со проектот и тоа: по 3.000 денари по час за секој од едукаторите или вкупно 36.000денари за двата месеци, 3.000 денари за превоз за двата месеци и 3.000 денари за набавка на реквизити. Вкупен износ кој би можел да го одобри советот за двата месеци би бил 42.000денари. Тој исто предложи по завршувањето на проектот да се организира некој настан како ноќна трка или сл.

Останатите советници се согласија со предлогот на претседателот и предложија проектот да се реализира во времетраење од два месеци во износ од 42.000 денари.

Точката беше ставена на гласање и се усвои со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

**Точка 10** Разгледување на Барања за еднократна парична помош;

Претседателот ги прочита барањата за еднократна парична помош кои беа разгледани на Комисијата за еднократна парична помош и тоа:

-Барање на финансиска помош од Слободанка Здравковска од с.Новаци како лице во социјален ризик;

-Барање на финансиска помош за лекување на Мирјана Марковска од с.Новаци;

-Барање на финансиска помош од Добре Котевски за лекување на својот син Ѓорѓи Котевски, од с.Добромири;

-Барање на финансиска помош за лекување на Пецо Трајковски од с.Бач;

-Барање на финансиска помош за еднородителско семејство со две деца од Ѓони Пранвера од с.Добромири;

-Барање на финансиска помош за лекување на Иванчо Котевски од с.Новаци;

-Барање на финансиска помош од Снежана Митревска од с.Новаци како лице во социјален ризик;

-Барање на финансиска помош за лекување на Мендо Стојовски од с.Новаци;

-Барање на финансиска помош од Александра Јолевска за лекување на својата ќерка Теодора Јолевска од с.Добромири;

Комисијата даде предлог барањата на Слободанка Здравковска, Мирјана Марковска, Добре Котевски, Иванчо Котевски, Снежана Митревска, Мендо Стојовски и Александра Јолевска се одобрат и да му се доделат финансиски средства во износ од 20.000денари, додека на лицето Пецо Трајковски му се доделат финансиски средства во износ од 10.000денари. Барањето на Ѓони Пранвера беше одбиено.

Советниците се согласија во целост со предлогот на Комисијата за еднократна парична помош и едногласно по сите барања гласаше со **9 гласа ЗА.**

**Точка 11** Разгледување и донесување на Одлука за давање на користење на фудбалскиот стадион со објектите и спортската сала во с.Новаци на Здружението Фудбалски клуб „Новаци 2005“ од Новаци

Советниците го разгледаа барањето од Здружението Фудбалски клуб „Новаци 2005“ од Новаци. Раководителката Анета Киселоска кажа дека и предходно беше донесена одлука од страна на Советот за одобрување на фудбалскиот стадион и дека врз основа на одлука се изготвува договор за користење на фудбалскиот стадион со објектите и спортската сала во с.Новаци. Претседателот предложи да се донесе одлука за давање на користење на фудбалскиот стадион со објектите и спортската сала во с.Новаци на Здружението Фудбалски клуб „Новаци 2005“ од Новаци за период од две години. Советниците го подржаа предлогот.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

**Точка 12** Советнички прашања

Претседателот праша дали некој од советниците има советнички прашања. Советнички прашања немаше.

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот Илче Трајковски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 14:10 часот.

Записничар
Александра Ангелевска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски